# ВИДОВИ ПИСМА

**Писмо** претставува состав од графички знаци со кои се бележат делови од еден јазик (зборови, слогови и гласови). Уште од предисторијата човекот има потреба комуникацијата преку усниот говор некаде да ја зачува за да не се заборави. Така тој создал „видлив јазик“ со знаци наречен писмо. Едно од најстарите писма во светот е **сумерското клинесто писмо**, кое настанало во Месопотамија, во Сумер, околу 3100 год. пр. н.е. Постојат различни видови писма:

## а) Пиктографско или сликовно писмо




**ЗАДАЧА 1:** Знаците на пиктографското писмо се викаат **пиктограми**. Со нив се означуваат предмети и појави што човекот може да ги доживува сетилно. Заедно со наставникот опишете колку е нивниот изглед близок до реалните појави и предмети.

## б) Идеографско или логографско писмо




**ЗАДАЧА 2:** Пронајдете ги **идеограмите** во овие староегипетски хиероглифи. Со идеограмите се означуваат мисли и чувства на човекот, значи нешто што реално не може да се согледа со сетилата. Работете заедно со наставникот.


Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# ВИДОВИ ПИСМА

## в) Фонетски писма (гласовни и слоговни)

**ЗАНИМЛИВОСТИ** Од сите овие писма само микенско грчкото писмо (наречено и Линеар Б) е фонетско-слоговно. Во ова писмо за еден знак има по еден слог. Хелените го користеле до 1000 год. пр.н.е., а подоцна го напуштиле и го усвоиле фонетско-гласовното писмо алфабета.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| alpha | Α | α | nu | Ν | ν |
| beta | Β | β | xi | Ξ | ξ |
| gamma | Γ | γ | omicron | Ο | ο |
| delta | Δ | δ | pi | Π | π |
| epsilon | Ε | ε | rho | Ρ | ρ |
| zeta | Ζ | ζ | sigma | Σ | ς |
| eta | Η | η | tau | Τ | τ |
| theta | Θ | θ | upsilon | Υ | υ |
| iota | Ι | ι | phi | Φ | φ |
| kappa | Κ | κ | chi | Χ | χ |
| lambda | Λ | λ | psi | Ψ | ψ |
| mu | Μ | μ | omega | Ω | ω |

Старогрчко писмо




Феникиско писмо




Микенско грчко писмо

А Б В Г Д Ѓ Е
Ж З Ѕ И Ј К Л Љ
М Н Њ О П Р С Т
Ќ У Ф Х Ц Ч Џ Ш

Кирилско писмо во македонскиот јазик




Латинско писмо

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND